Извештај од одржаните општински натпревари по **Биологија** и **Природни науки** на ден 04.03.2017год.

Општинските натпревари за учебната 2016/2017 година се одржаа во просториите на ООУ„Димитар Поп Георгиев Беровски“, по следниве наставни предмети -**Биологија** за учениците од 7, 8 и 9 одделение и **Природни науки** за учениците од 5 и 6 одделение**,** организиран од страна на Друштвото на биолози и Друштвото на природници на Р.Македонија. Како и досега така и оваа учебна година, нашето училиште ООУ„Тихомир Милошевски“ учествуваше на овој општински натпревар. На натпреварот учествуваа 20 ученици по Биологија од 7мо – 9то одделение, по наставниот предмет природни науки од 6 одделение учествуваа 7 ученици како и 9 ученици од 5 одделение .

Натпреварот започна во 11часот и траеше до 12часот. Истиот се одвиваше во најдобар ред и во насоки дадени од организаторите, а спроведени од училиштето домаќин, односно од одговорната комисија. Тестовите носеа вкупно 100 бода.



Сл 1 Учениците од 5 одделение со својот ментор Верче Маневска-Стефанова



Сл.2 Учениците од 6,7,8, и 9 одделение со својот ментор Соња Дојчиновска -Гроздановска



Сл.3 Прозивањето на учениците пред влезот на училиштето







Одговорни ментори: Директор:

1.Соња Дојчиновска-Гроздановска

2.Верче Маневска-Стефанова Анета Божиновска

Скопје: Март/2017г.